РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09 - 455/5
03 -09- 2021

Врз основа на член 22 став 1 а во врска со член 76 став 6 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (Службен весник на Република Македонија број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК), постапувајќи по пријава од познат подносител, ДКСК на 51 – та седница, одржана на ден 31.08.2021 година донесе

## ОДЛУКА

СЕ ЗАПИРА постапката за утврдување судир на интереси во врска со извршениот избор за Државен правобранител на РСМ за подрачјето на Кочани.

Согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК нема основ за натамошно надлежно постапување по предметот со број 09-3973/1 од 20.11.2020 година.

Предметот со број 09-3973/1 од 20.11.2020 година, да се затвори и да се архивира.

## Образложение

Предметот со број 09-3973/1 од 20.11.2020 година е оформен по поднесена пријава од познат подносител, со наводи дека при изборот на Државен правобранител за подрачјето на Кочани и донесената Одлука од страна на Владата на РСМ на ден 13.11.2020 година, со која е назначено лицето --------- се повредени одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси затоа што, нејзино блиско лице (--------) е јавен обвинител во Основното јавно обвинителство во Кочани. Според подносителот ---------- ќе работат на исто подрачје, по што често јавниот обвинител ќе одлучува по пријави на неговата сопруга, а истата ќе треба да се приклучува кон прогонот во кој учествува или го води нејзиниот сопруг и да истакнува штети или имотно правни побарувања за странката која ја застапува односно РСМ.

Во насока на утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, согласно член 76 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК ги провери наводите од пријавата и го утврди следното:

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Државниот правобранител ----------- нема учествувано како странка во ниту една кривична постапка која ја има водено Јавниот обвинител ------ . Откако --------- ја извршува функцијата државен правобранител, во предмет по кој постапувал јавниот обвинител --------- имал добиено само едно писмено известување од Државното правобранителство во Кочани и тоа од државен правобранител -----------.

Јавниот обвинител ----------- потребно е да се иззема од постапување согласно одредбите од ЗКП доколку во иднина дојде до наведената ситуација, односно доколку работи на предмет каде како странка се јавува неговата сопруга како Државен правобранител.

На седницата одржана на ден 31.08.2021 година, по разгледување на сите предметни наводи, ДКСК поаѓајќи од одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси констатира, да се запре постапката за утврдување судир на интереси во врска со горенаведените наводи.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок на ДКСК:
Изработил: К.З., раководител
Одобрил: м-р Ш.С., член на ДКСК

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk